РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. 61-7051/1
26.07 2017
Скопје

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на Р.М." бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011) министерот за култура донесе:

# ОДЛУКА

## за користење на угостителски услуги од репрезенатација на Бифето на Министерството за култура

### Член 1

Со оваа Одлука се определува правото на користење на угоститесли услуги од репрезентација на Бифето на Министерството за култура на Министер, Заменик министер, Државен секретар, Директор на управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во РМ, Државен советник, Раководител на сектор, Помошник на раководител на сектор и кабинетски службеници.

Правото на користење на услуги од репрезентација на Бифето на Министерството за култура се однесува само на нарачки од безалкохолни пијалоци и кафе услуги, додека правото на нарачки за алкохолни пијалоци, храна и слатки се однесува само на именуваните функционери.

За нарачки по основ на угостителски услуги за другите вработени лица во Министерството за култура е потребна согласност од Кабинетот на министерот за култура.

### Член 2

Висината на износот на угостителската услуга за именуваните функционери и тоа за кабинет на министер изнесува 10.000 денари; кабинет на заменик министер изнесува 6.000 денари; кабинет на државен секретар изнесува 6.000 денари ; кабинет на директорот на управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во РМ изнесува 2.000 денари, за кабинетските службеници изнесува 2.000 денари ; за државните советници изнесува 1.000 денари; за раководители на сектори изнесува 1.000 денари и за помошник раководител на сектор изнесува 800 денари.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе се применува од 01.08.2017 година.

Член 4

Со денот на примената на наведената Одлуката престанува да се применува Одлуката бр.62-8718/1 од 21.06.2010 година за користење на угостителски услуги од репрезентација на Бифето на Министерството за култура.

МИНИСТЕР,
м-р Роберт Алаѓозовски

Изготвил: С.Стојановиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. 61 – 7051/4
13.10 2017
Скопје

Архивски знак: ________
Рок на чување: ________ год.
________ 20___ год.
Потпис

Врз основа на член 49 став 1 и член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на Р.М." бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011) министерот за култура донесе:

# ОДЛУКА

## за измена на Одлуката за користење на угостителски услуги од репрезенатација на Бифето на Министерството за култура

### Член 1

Во Одлуката бр.61-7051/1 од 26.07.2017 година, за користење на угостителски услуги од репрезентација на Бифето на Министерството за култура во членот 2 зборовите "кабинет на министер изнесува 10.000 денари; кабинет на заменик министер изнесува 6.000 денари; кабинет на државен секретар изнесува 6.000 денари "се заменуваат со зборовите"министер, заменик министер и државен секретар е неограничена."

### Член 2

Во Одлуката бр.61-7051/1 од 26.07.2017 година, за користење на угостителски услуги од репрезентација на Бифето на Министерството за култура во членот 2 зборовите "кабинет на директорот на управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во РМ изнесува 2.000 денари се заменуваат со зборовите "кабинет на директорот на управата за афирмирање и унапредување на културата на припадниците на заедниците во РМ изнесува 3.500 денари, а зборовите "за кабинетските службеници изнесува 2.000 денари" се заменуваат со зборовите "за кабинетските службеници изнесува 3.500 денари".

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување а ќе се применува од 01.10.2017 година.

МИНИСТЕР,
м-р Роберт Алаѓозовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА СКОПЈЕ

Изготвил: С.Стојановиќ

Архива ___
Рок на чување ___ год.
___ 20__ год.
Потпис

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
*МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА*
*Бр.* 52 – 9763/1
09 . 11 2017 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/02,44/02, 82/08, 167/10, 36/11 и 51/11) министерот за култура донесе:

# УПАТСТВО
## за користење угостителски услуги и за други трошоци за службени потреби на товар на средствата во Буџетот на Министерството за култура

### Член 1

Со ова Упатство се определуваат правото, видот, начинот и постапката за користење угостителски услуги и други трошоци за службени потреби кои се плаќаат од средствата предвидени за таа намена од Буџетот на Министерството за култура, раздел 180 01, а се однесуваат на:

1. Нарачки од храна и пијалоци кои се служат во угостителски објекти во Република Македонија,
2. Нарачки од храна и пијалоци кои се служат во угостителски објекти во странство, и
3. Други трошоци за службени потреби.

### Член 2

(1) Услугите од член 1 на ова Упатство ги користи министерот за култура, заменикот на министерот за култура и државниот секратар во Министерството за култура (во натамошниот текст:корисници).

(2) Услугите од член 1 на ова Упатство ги користи:

- министерот за култура во месечен износ до најмногу 500 евра во денарска противвредност,

-заменикот на министерот за култура во месечен износ до најмногу 400 евра во денарска противвредност, и

-државниот секратар во Министерството за култура во месечен износ до најмногу 300 евра во денарска противвредност.

(3) По исклучок од став (2) на овој член, со одобрение на министерот за култура, во особено оправдани случаи услугите можат да бидат и во повисок износ во зависност од природата на настанот во Република Македонија и во странство.

(4) Направениот трошок за услугите од став (2) на овој член над утврдениот износ од став (2) на овој член ќе се смета како трошок за приватни/лични потреби и истиот ќе се надоместува од лични средства на корисникот на услугата, доколку претходно деловната средба /настанот не била писмено одобрена од министерот за култура.

(5) Услугите од член 1 точка 1 од ова Упатство, за кои плаќањето се извршува со фактура или со службена платежна картичка за покривање и одобрување на направените трошоци, корисниците се должни да обезбедат писмен документ (спецификации, фискална сметка, сметкопотврда, фактура и/склучен договор) во зависност од вредноста на услугата согласно Решението за набавка на угостителски услуги бр. 46-1653/1 од 16.02.2017 на Министерството за култура.

(6)Услугите од член 1 точка 2 од ова Упатство за кои плаќањето се извршува со фактура или со службена платежна картичка за покривање и одобрување на направените трошоци, корисниците се должни да обезбедат писмен документ (спецификации, фискална сметка, сметкопотврда или фактура).

(7) Услугите од член 1 точка 3 од ова Упатство за кои плаќањето се извршува со фактура или со службена платежна картичка за покривање и одобрување на направените трошоци, корисниците се должни да обезбедат писмен документ (спецификации, фискална сметка, сметкопотврда или фактура).

(8)Писмените документи од ставовите (5), (6) и (7) на овој член корисникот на услугата ги приложува до Секторот за финансиски прашања, со писмено образложение за направениот трошок за службени потреби (работни состаноци, делегација, одбележување на значајни датуми и сл.) и потпис на корисникот кој го направил трошокот.

(9)Корсиниците на услугите задолжително до крајот на тековниот месец ги доставуваат писмените документи од ставовите (5), (6) и (7) на овој член и образложенијата за направените трошоци за угостителските услуги до Секторот за финансиски прашања.

(10) Секторот за финансиски прашања во координација со државниот советник за финансиски прашања врши контрола на поднесените барања за исплата на направените трошоци согласно одредбите од ова Упатство и Решението за набавка на угостителски услуги бр. 46-1653/1 од 16.02.2017 на Министерството за култура.

(11) Барањата за исплата по создадените обврски за користените услуги согласно ова Упатство, Секторот за финансиски прашања ги доставува до министерот за култура или до лице овластено од страна на министерот за култура на крајот на месецот, а истите ќе бидат реализирани односно исплатени како обврска во наредниот месец сметано од месецот на настанување на обврската.

(12) Секторот за финансиски прашања задолжително води и тековно ажурира евиденција на поединечните податоци за направените трошоци по пристигнатите фактури и поднесени сметки, по корисници на угостителски услуги, за што државниот советник за финансиски прашања е должен да му доставува на министерот за култура или на лице овластено од страна на министерот за култура, месечен извештај по корисници за вкупно направените и одобрени трошоци, на увид и натамошно постапување.

(13) Корисниците на угостителските услуги, должни се да ги користат услугите во рамките на остварување на нивните надлежности и работни должности, притоа имајќи ги во предвид принципите на економичност, ефикасност и ефективност, при трошењето на буџетските средства за оваа намена.

Член 3

Ова Упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.

МИНИСТЕР,
м-р Роберт Алаѓозовски

Изготвил: Весна Илиевска
Одобрил: Ѓурѓица Трајковска